СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНА ОХРИД

| | | |
|---|---|---|
| **СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД**<br>**ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА**<br>**ОГЛАСИ ПО ТАРИФАТА** | **О Х Р И Д**<br>**30.10.2006**<br>**БРОЈ 11 ГОДИНА 41** | |


С О Д Р Ж И Н А

1. Одлука за усвојување на годишната програма за работа за згрижување и воспитно – образовна работа на јавната општинска установа за деца детска градинка „Јасна Ристеска“ Охрид за учебната 2006/2007 година 2

2. Одлука за давање согласност за формирање паралелки со помалку од 25 ученици во основните училишта во општина Охрид 3

3. Заклучок 6

4. Одлука за востановување и доделување на општински награди и признанија 7

5. Заклучок 11

6. Заклучок 12

7. Заклучок за спротивставување на Одлуката на Владата на РМ за издавање на Охридско Езеро под концесија 12

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид ("Сл.гласник на општина Охрид" бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ И ВОСПИТНО – ОБРАЗОВНА РАБОТА НА ЈАВНАТА ОПШТИНСКА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА ДЕТСКА ГРАДИНКА „ЈАСНА РИСТЕСКА" ОХРИД ЗА УЧЕБНАТА 2006/2007 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Годишната програма за работа за згрижување и воспитно – образовна работа на Јавната општинска установа за деца детска градинка „Јасна Ристеска" - Охрид за учебната 2006/2007 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.10.2006 година.

**Број 08-2239/3**
**26.09.2006 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр. 5/02) член 42 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид ("Сл. гласник на општина Охрид" бр. 6/03) член 98 од Законот за заштита на децата ("Сл.весник на РМ" бр. 98/00,17/03 и 65/04), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.10.2006 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ И ВОСПИТНО –ОБРАЗОВНА РАБОТА НА ЈАВНАТА ОПШТИНСКА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА ДЕТСКА ГРАДИНКА „ЈАСНА РИСТЕСКА" ОХРИД ЗА УЧЕБНАТА 2006/2007 ГОДИНА**

**Член 1**

СЕ УСВОЈУВА Годишната програма за згрижување и воспитно – образовна работа на Јавната општинска установа за деца детска градинка „Јасна Ристеска" Охрид за учебната 2006/2007 година.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Годишната програма на ЈОУДГ „Јасна Ристеска" Охрид за учебната 2006/2007 година.бр.02-244 од 27.09.2006 год.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл. гласник на општина Охрид".

**Број 07-2239/3**
**26.10.2006 год.**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**

**О х р и д** **Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (“Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ФОРМИРАЊЕ ПАРАЛЕЛКИ СО ПОМАЛКУ ОД 25 УЧЕНИЦИ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност за формирање паралелки со помалку од 25 ученици во основните училишта во Општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.10.2006 година.

**Број 08-2239/4** **ОПШТИНА ОХРИД**
**26.10.2006 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 33 и 34 од Законот за основно образование („Сл.весник на РМ“ бр.44/95) и измените и дополнувањата на Законот („Сл.весник на РМ“ бр.24/96, 34/96, 35/97, 82/97, 29/02, 40/02, 42/02 и 63/04) и член 42 став 1 точка 4 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид„ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.10.2006 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ФОРМИРАЊЕ ПАРАЛЕЛКИ СО ПОМАЛКУ ОД 25 УЧЕНИЦИ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа одлука се дава согласност за формирање (чисти) паралелки од I-во до VIII-мо одделение со помалку од 25 ученици за учебната 2006/2007 година во следните училишта:

| | | |
|---|---|---|
| **1. ОУ „Григор Прличев“ - ПУ Рача** | 1-во одделение | 1 паралелка |
| | 2-ро одделение | 1 паралелка |
| | 3-то одделение | 1 паралелка |
| | 4-то одделение | 1 паралелка |
| | 5-то одделение | 1 паралелка |
| | 6-то одделение | 1 паралелка |
| | 7-мо одделение | 1 паралелка |
| | 8-мо одделение | 1 паралелка |
| **2. ОУ „Св.Климент Охридски„ - Охрид Централно** | 1-во одделение | 2 паралелки |
| | 2-ро одделение | 2 паралелки |
| | 3-то одделение | 2 паралелки |
| | 4-то одделение | 2 паралелки |
| | 5-то одделение | 2 паралелки |
| | 6-то одделение | 2 паралелки |
| | 7-мо одделение | 2 паралелки |

| | | |
|---|---|---|
| | 8-мо одделение | 2 паралелки |
| **ПУ Далјан** | 1-во одделение | 1 паралелка |
| | 2-ро одделение | 1 паралелка |
| | 3-то одделение | 1 паралелка |
| | 4-то одделение | 1 паралелка |
| **3. ОУ „Братство-единство„ - Охрид Македонски јазик** | 1-во одделение | 3 паралелки |
| | 2-ро одделение | 4 паралелка |
| | 3-то одделение | 4 паралелка |
| | 4-то одделение | 3 паралелки |
| | 5-то одделение | 4 паралелки |
| | 6-то одделение | 2 паралелка |
| | 7-мо одделение | 1 паралелка |
| | 8-мо одделение | 1 паралелка |
| **Албански јазик** | 1-во одделение | 2 паралелки |
| | 3-то одделение | 2 паралелки |
| | 4-то одделение | 1 паралелки |
| | 5-то одделение | 1 паралелки |
| | 6-то одделение | 1 паралелки |
| | 7-мо одделение | 2 паралелки |
| | 8-мо одделение | 2 паралелки |
| **Турски јазик** | 1-во одделение | 1 паралелка |
| | 2-ро одделение | 2 паралелка |
| | 4-то одделение | 1 паралелка |
| | 5-то одделение | 1 паралелка |
| | 6-то одделение | 1 паралелки |
| **4. ОУ „Кочо Рацин„ - Охрид Централно** | 1-во одделение | 2 паралелки |
| | 2-ро одделение | 2 паралелки |
| | 3-то одделение | 2 паралелки |
| | 4-то одделение | 2 паралелки |
| | 7-мо одделение | 2 паралелки |
| | 8-мо одделение | 2 паралелки |
| **ПУ Долно Лакочереј** | 2-ро одделение | 1 паралелка |
| | 4-то одделение | 1 паралелка |
| | 5-то одделение | 1 паралелка |
| | 6-то одделение | 1 паралелка |
| | 7-мо одделение | 1 паралелка |
| | 8-мо одделение | 1 паралелка |
| **5. ОУ „Св.Наум Охридски„ -Пештани** | 1-во одделение | 1 паралелка |
| | 2-ро одделение | 1 паралелка |
| | 3-то одделение | 1 паралелка |
| | 4-то одделение | 1 паралелка |
| | 5-то одделение | 2 паралелки |
| | 6-то одделение | 2 паралелки |
| | 7-мо одделение | 2 паралелки |
| | 8-мо одделение | 2 паралелки |

| | | |
|---|---|---|
| **6. ОУ „Живко Чинго„ -с.Велгошти** | 1-во одделение | 1 паралелка |
| | 2-ро одделение | 1 паралелка |
| | 3-то одделение | 1 паралелки |
| | 4-то одделение | 2 паралелки |
| | 5-то одделение | 2 паралелки |
| | 6-то одделение | 2 паралелки |
| | 7-мо одделение | 2 паралелки |
| | 8-мо одделение | 2 паралелки |
| **7. ОУ „Ванчо Николески„ -с.Лескоец** | 1-во одделение | 1 паралелки |
| | 2-ро одделение | 2 паралелки |
| | 3-то одделение | 2 паралелки |
| | 4-то одделение | 2 паралелки |
| | 5-то одделение | 2 паралелки |
| | 6-то одделение | 2 паралелки |
| | 7-мо одделение | 2 паралелки |
| | 8-мо одделение | 2 паралелки |
| **ПУ Косел** | 5-то одделение | 1 паралелка |
| | 6-то одделение | 1 паралелка |
| | 7-мо одделение | 1 паралелка |
| | 8-мо одделение | 1 паралелка |
| **ПУ Куратица** | 5-то одделение | 1 паралелка |
| | 6-то одделение | 1 паралелка |
| | 7-мо одделение | 1 паралелка |
| | 8-мо одделение | 1 паралелка |

**Член 2**

Како комбинирани паралелки со помалку од 25 ученици од I-во до VIII-мо одделение во учебната 2006/2007 година ќе работат следните:

| | | |
|---|---|---|
| **1. ОУ „Кочо Рацин„ Охрид** | | |
| **ПУ Долно Лакочереј** | 1-во и 3-то одделение | 1 паралелка |
| **2. ОУ „Св.Наум Охридски„ с.Пештани** | | |
| **ПУ Коњско** | 1-во и 3-то одделение | 1 паралелка |
| | 2-ро и 4-то одделение | 1 паралелка |
| **ПУ Елшани** | 1-во и 3-то одделение | 1 паралелка |
| | 2-ро и 4-то одделение | 1 паралелка |
| **ПУ Трпејца** | 1-во, 2-ро, | |
| | 3-то и 4-то одделение | 1 паралелка |
| **3. ОУ „Ванчо Николески„ с.Лескоец** | | |
| **ПУ Косел** | 1-во и 3-то одделение | 1 паралелка |
| | 2-ро и 4-то одделение | 1 паралелка |
| **ПУ Куратица** | 1-во, 2-ро, | |
| | 3-то и 4-то одделение | 1 паралелка |
| **ПУ Вапила** | 1-во, 2-ро, | |

3-то и 4-то одделение 1 паралелка

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во "Сл.гласник на општина Охрид".

**Број 07-2239/4** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**26.10.2006 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид ("Сл.гласник на општина Охрид" бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Заклучокот со кој се задолжува Одделението за јавни работи до 01.05.2007 год. да преложи Предлог Старатегија за развој на образованието за подрачјето на Општина Охрид, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.10.2006 година.

**Број 08-2239/4-1** **ОПШТИНА ОХРИД**
**26.10.2006 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 83 од Статутот на општина Охрид ("Сл.гласник на општина Охрид" бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.10.2006 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** Одделението за јавни работи до 01.05.2007 год. на Советот да му предложи Предлог - Стратегија за развој на образованието на подрачјето на општина Охрид. Во истата да се истакнат сите проблеми и приоритети што се очекуваат во наредниот краткорочен период и она што ќе се случува во образованието за период од 5 -10 години.

**Број 07- 2239/4-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**26.10.2006 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (“Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВОСТАНОВУВАЊЕ И ДОДЕЛУВАЊЕ НА ОПШТИНСКИ НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за востановување и доделување на општински награди и признанија, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.10.2006 година.

**Број 08-2239/5**
**26.10.2006 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа ( “Сл.весник на РМ“ бр. 5/02), член 10 и член 83 од Статутот на Општина Охрид (“Сл.гласник на Општина Охрид“ број 6/03 и 6/05), Советот на Општина Охрид, на седница, одржана на ден 26.10.2006 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ВОСТАНОВУВАЊЕ И ДОДЕЛУВАЊЕ НА ОПШТИНСКИ НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со оваа Одлука се уредува востановувањето, начинот, условите и постапката за доделување на награди и признанија на Општина Охрид.

**Член 2**

Општината Охрид ги востановува следните награди и признанија:

- **Награда** Патрон на градот “Св.Климент Охридски“ (во натамошниот текст: Наградата),
- **Повелба** Патрон на градот “Св.Климент Охридски“ (во натамошниот текст: Повелбата) и
- **Признание** “Почесен граѓанин на Охрид“ (во натамошниот текст: Признанието).

**Член 3**

Општината Охрид во текот на годината доделува една награда и три повелби.

По укажана потреба и во исклучителни случаи Општината доделува и признание.

Наградата се доделува за животно дело, повелбата се доделува за врвни достигнувања во сите области од општествениот живот од особено значење за Општината, што преставуваат посебен придонес за развој на Општината и за нејзиниот севкупен напредок и афирмација во Република Македонија и Светот.

Признанието се доделува за исклучителни заслуги за афирмација на Охрид во Европа и Светот.

**Член 4**

Наградата за животно дело се доделува за остварувања за подолг изминат период што преставува творечка или континуирана работна целина.

Повелбата се доделува за остварување во изминатиот период од една година до завршување на конкурсот.

**Член 5**

Наградата и повелбата се доделуваат секоја година во чест на празникот “Св.Климент Охридски“ Патронот на Охрид, а се врачува на свечената академија по повод празникот.

Одлуката за доделување на Наградата, Повелбата и Признанието се објавува во средствата за јавно информирање и во “Сл.гласник на Општина Охрид“.

**Член 6**

Наградата, и признанието на добитниците им ги врачува градоначалникот на Општина Охрид, а во случај на отсутност или спреченост од него овластен преставник.

Повелбата на добитниците им ја врачува претседателот на советот на Општина Охрид, а во случај на отсутност или спреченост од него овластен преставник.

## II. МОЖНИ ДОБИТНИЦИ НА НАГРАДА, ПОВЕЛБА И ПРИЗНАНИЕ

**Член 7**

Наградата и повелбата може да се доделуваат на физички и правни лица од Охрид, Република Македонија и од други држави и на меѓународни организации и асоцијации или нивни претставници.

Признанието може да се додели на домашни физички лица, лица од други држави и преставници на меѓународни организации и асоцијации.

**Член 8**

Наградата и признанието се доделуваат на еден добитник само еднаш.

Повелбата може да се додели повторно на ист добитник, но не пред истекот на 10 години од добивањето на претходната повелба.

## III. СОДРЖИНА НА НАГРАДАТА, ПОВЕЛБАТА И ПРИЗНАНИЕТО

**Член 9**

Наградата се состои од плакета и статуетка со ликот на “Св. Климент Охридски“

Повелбата се состои од плакета и икона со ликот на “Св. Климент Охридски“

Признанието се состои од плакета и клуч од градот.

**Член 10**

Плакетата за доделување на Наградата содржи назив на наградата, година кога се доделува, име и презиме, односно назив на добитникот.

Плакетата за доделување на повелбата содржи назив, година кога се доделува, име и презиме, односно назив на добитникот и наслов на трудот, делото, односно остварувањето за кое се доделува повелбата.

Плакетата за доделување на признанието содржи назив на признанието и име и презиме на добитникот и за што се доделува.

**Член 11**

Плакетите се во форма на правоаголник со димензии 210 x 297 мм и имаат втиснат грб на Охрид .

Плакетите ги потпишува градоначалникот на Општина Охрид и се заверуваат со печат на Општината.

**Член 12**

Плакетата за домашни физички и правни лица се испишува на македонски јазик и неговото кирилско писмо.

Плакетата на лица од други држави и на меѓународни организации и асоцијации или нивни претставници се испишува на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот и писмото од каде потекнуваат или е седиштето на добитниците.

**Член 13**

Статуетката со ликот на “Св. Климент Охридски“ е со висина од 420 мм и е изработена од дрво.

Иконата со ликот на “Св. Климент Охридски“ е со димензии 210x297 мм и е изработена од дрво.

Клучот од градот е со должина од 200 мм и е изработен од метал.

## IV. ОРГАНИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДАТА, ПОВЕЛБАТА И ПРИЗНАНИЕТО

**Член 14**

Наградата и повелбата ги доделува Комисијата за одбележување празници и манифестации, доделување награди и признанија

Признанието го доделува Советот на Општината.

**Член 15**

Комисијата ги врши следниве работи:

- распишува конкурс за доделување на Наградата и Повелба;
- донесува одлука за бројот на повелбите;
- донесува одлука за доделување на Наградата и Повелбата;
- врши и други работи сврзани со доделување на Наградата и Повелбата.

## V. ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ

**Член 16**

Наградата и повелбата се доделуваат по пат на конкурс.

Конкурсот се објавува во средствата за јавно информирање најдоцна до 25 октомври во тековната година.

Конкурсот за доделување на Наградата и Повелбата трае 15 дена сметано од денот на објавувањето.

Пријавите доставени по истекот на рокот предвиден во конкурсот, не се разгледуваат.

**Член 17**

Кандидатите со пријавата треба да наведат за што конкурираат (награда или повелба), да доставаат кратка биографија и да образложат за какви остварувања конкурираат.

**Член 18**

Одлуката за доделување награда и повелби официјално се објавува најдоцна до 7 Декември во тековната година.

## VI. РАБОТА НА КОМИСИЈАТА

**Член 19**

Комисијата работи на седници.

Работата на комисијата е јавна.

Комисијата може да одлучи одделни прашања да ги претресува и без присуство на јавноста.

**Член 20**

Комисијата може да работи доколку на седницата присуствуваат мнозинство од вкупниот број на членови.

Комисијата одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број на членовите, со (тајно, јавно) гласање.

Одлуките за доделување на Наградата и повелбата ги потпишува претседателот на Комисијата.

**Член 21**

Седниците ги свикува и дневниот ред го предлага претседателот на Комисијата.

Претседателот на Комисијата е должен да свика седница и по барање на двајца од членовите на Комисијата или претседателот на Советот на Општината.

Предлагачот, кој бара да се свика седница на Комисијата предлага и дневен ред за седницата.

**Член 22**

Со седниците раководи претседателот на Комисијата.

Во случај на отсутност или спреченост, претседателот го заменува еден од членовите на Комисијата што се избира на самата седница.

## XI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 23**

За правилна примена на одредбите од оваа Одлука се грижи претседателот на Комисијата.

**Член 24**

Стручните и административните работи на Комисијата ги врши општинската администрација.

**Член 25**

Со влегување во сила на оваа Одлука престанува да важи Правилникот за работа на Одборот за одбележување празници и манифестации и доделување награди и признанија број 08-1294/9 од 27.10.1997 година и Правилникот за измена на Правилникот за работа на Одборот за одбележување празници и манифестации и доделување награди и признанија број 08-1152 од 23.10.2001 година.

**Член 26**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Сл. гласник на Општина Охрид“.

**Број 07-2239/5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**26.10.2006 год.** **Претседател**

**О х р и д** **Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (“Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Заклучокот со кој се задолжува општинската администрација при изготвувањето на Сатаутот во одредбите да внесе „Награди и признанија доделува Советот на општината на предлог од Комисијата за одбележување празници и манифестации, доделување награди и признанија, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.10.2006 година.

**Број 08-2239/5-1** **ОПШТИНА ОХРИД**
**26.10.2006 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 83 од Статутот на општина Охрид ("Сл.гласник на општина Охрид" бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.10.2006 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** општинската администрација при изготвувањето на новиот Статут во одредбите да внесе „ Награди и признанија доделува Советот на општината на предлог од Комисијата за одбележување празници и манифестации, доделување награди и признанија.“

**Број 07-2239/5-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**26.10.2006 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (“Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Заклучокот со кој се задолжува општинската администрација да отпочне иницијатива за компјутеризација на салата за работа на Советот, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.10.2006 година.

**Број 08-2239/6** **ОПШТИНА ОХРИД**

**26.10.2006 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 83 од Статутот на општина Охрид ("Сл.гласник на општина Охрид" бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.10.2006 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** општинската администрација да отпочне иницијатива за компјутеризација на салата за работа на Советот, односно да ги разгледа сите можности за компјутеризација на работата на советниците.

**Број 07-2239/6** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**26.10.2006 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (“Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА СПРОТИВСТАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА НА ВЛАДАТА НА РМ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ОХРИДСКО ЕЗЕРО ПОД КОНЦЕСИЈА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Заклучокот за спротивставување на Одлуката на Владата на РМ за издавање на Охридско Езеро под концесија, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.10.2006 година.

**Број 08-2239/7** **ОПШТИНА ОХРИД**
**26.10.2006 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 83 од Статутот на општина Охрид ("Сл.гласник на општина Охрид" бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.10.2006 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА СПРОТИВСТАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА НА ВЛАДАТА НА РМ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ОХРИДСКО ЕЗЕРО ПОД КОНЦЕСИЈА**

1.Државниот надзор врз заштитата на салмонидните рибни врсти во Охридското Езеро не функционира.

2.Советот бара од Владата наРМ да под одредени услови пренесе соодветни ингеренции на општините Охрид и Струга во заштита на рибниот фонд.

3.Советот на општина Охрид и препорачува на Владата на РМ да го одложи давањето на Охридско Езеро под концесија , се додека не се воспостават механизми за заштита на рибниот фонд, а понатаму и неговото искористување, поради непостоење биолошка оправданост за лов на Охридската пастрмка и белвица.

**Број 07-2239/7** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**

**26.10.2006 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Владо Чингоски с.р.**